Во согласност со член 42 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020), а во врска со Конкурсот од Министерството за образование и наука за упис на ученици во прва година во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година, Училишната комисија на СУГС Гимназија "Орце Николов" Скопје, донесе:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

## за запишување ученици во прва година за гимназиско образование за учебната 2023/2024 година

### I. БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ

Во СУГС Гимназија Орце Николов Скопје, во учебната 2023/2024 година во прва година – второ пријавување, има 16 слободни места, според наставните планови и програми за:

-Гимназиско образование – 16 ученици, 60 поени минимум. При пријавувањето за гимназиско образование потребно е учениците уште при самиот упис да се определат согласно своите афинитети за соодветното подрачје и комбинација (А или Б) што ќе ги изучуваат во текот на нивното образование

1. **Природно – математичко подрачје (комбинација А)**
2. **Природно – математичко подрачје (комбинација Б)**
3. **Општествено – хуманистичко подрачје (комбинација А)**
4. **Општествено – хуманистичко подрачје (комбинација Б)**
5. **Јазично – уметничко подрачје (комбинација А)**
6. **Јазично – уметничко подрачје (комбинација Б)**

### II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

- да имаат завршено основно образование
- да не се постари од 17 години
- да се определиле за план и програма за гимназиско образование

- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој ИНТЕРЕН ОГЛАС
- Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини.

## III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

По објавувањето на прелиминарната листа, учениците кои се на листата ја доставуваат следната документација:

- пријава за запишување (се презема од официјалната веб-страница на МОН испечатена и пополнета).
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето – оригинален документ).
- Кандидатите ги поднесуваат документите лично кај уписната комисија во училиштето. Во случај на оправдана спреченост на ученикот, документите ги поднесува родителот односно старателот на ученикот на денот на уписот.

Некомплетирани документи нема да се примаат.

ПРЕГЛЕД

на наставните предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците

| Реден број | ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ -подрачје/комбинација- | Задолжителни наставни предмети | Наставни предмети кои се од значење за подрачјето |
|---|---|---|---|
| 1 | Природно-математичко подрачје (комбинација А) | -мајчин јазик<br>-странски јазик | -математика<br>-физика |
| 2 | Природно-математичко подрачје (комбинација Б) | -мајчин јазик<br>-странски јазик | -математика<br>-биологија |
| 3 | Општествено-хуманистичко подрачје (комбинација А) | -мајчин јазик<br>-странски јазик | -математика<br>-историја |
| 4 | Општествено-хуманистичко подрачје | -мајчин јазик<br>-странски јазик | -математика<br>-историја |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (комбинација Б) | | |
| 5 | Јазично-уметничко подрачје (комбинација А) | -мајчин јазик<br>-странски јазик | -математика<br>-историја |
| 6 | Јазично-уметничко подрачје (комбинација Б) | -мајчин јазик<br>-странски јазик | -математика<br>-историја |

## IV. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците се врши во еден уписен рок со две пријавувања во месец јуни. Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk

1. **ПРВОТО ПРИЈАВУВАЊЕ** преку електронско аплицирање на учениците ќе се врши: **на 20 јуни 2023 година до 24:00 часот, и на 21 јуни 2023 година до 15:00 часот**.

- Прелиминарната ранг листа на запишани ученици се објавува на **22 јуни 2023 година на https://e-uslugi.mon.gov.mk и на интернет страната на www.mon.gov.mk најдоцна до 09:00 часот.**
- Доставувањето на потребната документација во училиштето ќе биде на **22 јуни 2023 година од 12:00 до 19:00 часот и на 23 јуни 2023 година од 07:00 до 19:00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето.**
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **24 јуни 2023 година, најдоцна до 12:00 часот на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk**.
- Доколку со примена на основните критериуми за избор, на ранг-листата се појават поголем број ученици од планираниот број со еднаков број на поени, **ќе се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по наставните предмети: мајчин јазик и математика на 26 јуни 2023 година, а конечната ранг листа со резултатите ќе се објави на 26 јуни 2023 година** на огласна табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.
- Доколку НЕМА квалификационо тестирање по наставните предмети мајчин јазик и математика и доколку во вкупниот број на примени ученици, за билингвалните паралелки аплицирале поголем број кандидати од планираниот број, **ќе се**

**организира квалификационо тестирање по предметот англиски јазик, односно француски јазик на 26 јуни 2023 година во 10 часот, а резултатите ќе се објават на 27 јуни 2023 година до 12часот.**

- Доколку ИМА квалификационо тестирање по наставните предмети мајчин јазик и математика и доколку во вкупниот број на примени ученици, за билингвалните паралелки аплицирале поголем број кандидати од планираниот број, ќе се организира квалификационо тестирање по предметот англиски јазик, односно француски јазик на 28 јуни 2023 година во 10 часот, а резултатите ќе се објават на 29 јуни 2023 година до 12часот.

**2. ВТОРОТО ПРИЈАВУВАЊЕ** преку електронско аплицирање на учениците, **доколку има слободни места**, **ќе се спроведе на 27 јуни 2023 година до 24:00 часот и на 29 јуни 2023 година до 10:00 часот**.

- Прелиминарната ранг листа на запишани ученици се објавува на **29 јуни 2023 година на https://e-uslugi.mon.gov.mk и на интернет страната на www.mon.gov.mk најдоцна до 13:00 часот.**
- Доставувањето на потребната документација во училиштето ќе биде на **29 јуни 2023 година од 15:00 до 19:00 часот и на 30 јуни 2023 година од 07:00 до 19:00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето.**
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **1 јули 2023 година, најдоцна до 12:00 часот на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk**.

- Доколку со примена на основните критериуми за избор, на ранг-листата се појават поголем број ученици од планираниот број со еднаков број на поени, ќе се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по наставните предмети: мајчин јазик и математика на 03 јули 2023 година, а конечната ранг листа со резултатите ќе се објави на 03 јули 2023 година на огласна табла на училиштето и на www.mon.gov.mk .

- Доколку НЕМА квалификационо тестирање по наставните предмети мајчин јазик и математика и доколку во вкупниот број на примени ученици, за билингвалните паралелки аплицирале поголем број кандидати од планираниот број, ќе се организира

квалификационо тестирање по предметот англиски јазик, односно француски јазик на 03 јули 2023 година во 10 часот, а резултатите ќе се објават на 04 јули 2023 година до 12часот.

- Доколку ИМА квалификационо тестирање по наставните предмети мајчин јазик и математика и доколку во вкупниот број на примени ученици, за билингвалните паралелки аплицирале поголем број кандидати од планираниот број, ќе се организира квалификационо тестирање по предметот англиски јазик, односно француски јазик на 05 јули 2023 година во 10 часот, а резултатите ќе се објават на 06 јули 2023 година до 12часот.

3. Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок.

- Пријавувањето на ученици ќе се врши на **21 август 2023 година до 24:00 часот.**
- Прелиминарната ранг листа на запишани ученици се објавува на **22 август 2023 година на https://e-uslugi.mon.gov.mk и на интернет страната на www.mon.gov.mk најдоцна до 09:00 часот.**
- Доставувањето на потребната документација ќе биде на **22 август 2023 година од 10:00 до 19:00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето.**
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **23 август 2023 година, најдоцна до 12:00 часот на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.**

**Против одлуката за упис, учениците и нивните родители (старатели), во рок од 12 часа од истакнување на конечната ранг листа, можат да поднесат приговор до Училишната комисија.**
**Решението по приговорот е конечно.**
**По објавување на конечната ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа.**

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ

- средниот успех на ученикот од VI-IX одделение,

- средниот успех на ученикот постигнат по четири предметите: (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката – односно изборното подрачје,
- дипломи од освоени (I, II и III) место од меѓународни и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерството за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни наука, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставните предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје,
- средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение.

**Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици од планираните предвидени со овој конкурс, а кои ги исполнуваат предвидените услови, се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по наставните предмети: мајчин јазик и математика.**
**Тестирањето се однесува за сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием согласно конкурсот.**

1. За средниот успех од VI-IX одделение, ученикот може да добие најмногу 50 поени **(општиот успех од шесто, седмо , осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициентот 10).**
2. За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети: **Двата наставни предмети задолжително за сите видови на образование и два предмети што се значајни за струката – подрачјето, ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).**
3. За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:
   - За освоена прва награда или златен медал на меѓународен натпревар 5 поени, втора награда или сребрен медал 4 поени и трета награда или бронзен медал 3 поени
   - За освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени, за II место – 2 поени и за III трето место – 1 поен.
4. За средна вредност од поените за поведение од VI-IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени : **примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение со 3 поени и незадоволително поведение со 0 поени.**

Средната вредност е збир од поените за поведението од VI, VII, VIII и IX одделение, поделено со 4).

5. Ученикот по сите критериуми утврдени во овој конкурс може да освои најмногу **најмногу 80 поени.**
6. **Минималниот број поени со кои кандидатите ќе можат да конкурираат за запишување во СУГС Гимназија "Орце Николов"- Скопје, е 60 поени за првото пријавување во првиот уписен рок.**
7. За учениците кои деветто одделение го завршиле во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (шесто, седмо или осмо) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре, но со претходно нострифицирани свидетелства.

## VI. ИЗБОР И ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Изборот и запишувањето на учениците се врши, врз основа на ранг листа изготвена според вкупниот број поени што се пресметуваат одделно за секој кандидат.
2. Вкупниот број поени се утврдува според критериумите за избор на учениците.
3. Во рамките на предвидениот број ученички места утврдени со овој оглас имаат право да се запишат и учениците кои ја повторувале годината и кои во определениот рок се пријавиле како повторувачи со право да го задржат статусот на редовен ученик.

## НАПОМЕНА

- Пријавувањето да се врши лично од ученикот или родителот (старателот).
- Во пријавата да се назначи дали се запишува за билингвална настава.
- Некомплетни документи нема да се примаат.

Претседател на училишна комисија
**Митко Димовски**